СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Триесеттата  и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 ноември 1995 година

Скопје, ноември 1995 година

# 31 СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 29 НОЕМВРИ 1995 ГОДИНА

Дневен ред: стр.1

- Ратификации на Договори на РМ со НР Кина и РМ со Руската федерација
- Закон за спортот.

Дкскутанти:

1. Стојан Андов - води седница
2. Емилија Симовска - 4, 8

К Р А Ј

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Триесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 ноември 1995 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја отворам Триесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Јане Ангеловски, Димитрија Вревезовски, Благоја Силјановски, Владе Давитковски, Димитрија Поповски, Мирко Иванов и Александар Гештаковски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

За седницата го предлагам следниот

Дневен ред:

1. Предлог за донесување на закон за ратификација ва Спогодбата за културна соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина, склучена на 31 мај 1995 година во Пекинг, со Предлогот на закон;

2. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за трговска и стопанска соработка, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за соработка во областа на културата, образованието и науката, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за спортот;

5. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Пехчево;

6. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Градска аптека "16 Јуни" - Кавадарци.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на дневниот ред? (Нема).

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?

(86 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Минуваме на **точката 1** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за културна соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина, склучена на 31 мај 1995 година во Пекинг, со Предлог на закон.

I/3.-

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за културна соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина, склучена на 31 мај 1995 година во Пекинг.

Кој е за, молам да крене рака? (82 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака? (85 пратеници).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на насловот на Предлогот на законот и на член 2.

Комисијата за надворешна политика поднесе амандмани на насловот на Предлогот на законот и на член 2.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на законот, поднесен од Законодавно - правната комисија и Комисијата за надворешна политика.

Со овој амандман се согласил повереникот.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Симовска, министер за образование.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од Законодавно - правната комисија и Комисијата за надворешна политика.

Со овој амандман се согласил повереникот.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Симовска, министер за образование.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Молам, кој е за, нека крене рака? (85 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата за културна соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина.

Минуваме на **точката 2** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за трговска и стопанска соработка, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за "донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за трговска и стопанска соработка.

Кој е за, молам да крене рака? (83 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака? (84 пратеници).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласа&ето? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Молам, кој е за, нека крене рака? (83 пратеници);

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за трговска и стопанска соработка.

Минуваме на **точката 3** - Предлог за донесување На закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за соработка во областа на културата, образованието и науката, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

I/7.-

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за соработка во областа на културата, образованието и науката.

Кој е за, молам да крене рака? (83 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој) .

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака? (83 пратеници) .

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за надворешна политика поднесе амандман на член 3.

Отворам претрес по амандманот на член 3, поднесен од Комисијата за надворешна политика.

Со овој амандман се согласил повереникот.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Симовска, министер за образование.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Молам, кој е за, нека крене рака? (84 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за соработка во областа на културата, образованието и науката.

Минуваме на **точката 4** - Предлог за донесување на закон за спорт.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието и забелешките на пратеникот Персида Малинска ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за спортот.

2. Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и

укажувањата содржани во извештаите на работните тела и забелешките на пратеникот Персида Малинска.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од седницата на Собранието да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за образование и физичка култура.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (84 пратеници).

Дали некој има против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **<u>точката 5</u>** - <u>Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом Пехчево.</u>

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и Законодавно - правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (85 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом Пехчево.

I/10.-

Минуваме на **точката 6** - Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Градска аптека "16 Јуни" - Кавадарци.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и Законодавно - правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (81 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Градска аптека "16 Јуни" - Кавадарци.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Триесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата со работа заврши во 11,45 часот).